Општина Охрид
Градоначалник

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 50, став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр 5/02), член 15 став 1 точка 7, член 34 став 1 точка 15 од Статутот на општина Охрид, како и програмата за социјална и здравствена заштита на општина Охрид за 2023 година, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ПРАВИЛНИК**
**за начинот, постапката и критериумите за доделување на еднократен паричен надоместок - образовен додаток за студенти кои потекнуваат од семејства со социјален ризик и студираат надвор од општина Охрид за академската 2023/2024 година**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат начинот, критериумите и постапката за доделување на еднократен паричен надоместок - образовен додаток за студенти кои потекнуваат од семејства со социјален ризик и студираат надвор од општина Охрид за академската 2023/2024 година.

**Општи одредби**
**Член 2**

Општина Охрид, во врска со својата надлежност за социјална заштита за академската 2023/2024 година ќе додели еднократен паричен надоместок - образовен додаток за студенти кои студираат надвор од општина Охрид и потекнуваат од семејства со социјален ризик а се со место на живеење во општина Охрид.

Образовниот додаток се доделува еднократно за целата академска 2023/24 година. Износот на образовниот додаток за студенти кои студираат надвор од Охрид и потекнуваат од семејства со социјален ризик изнесува еднократно во нето износ од 6000,00 денари. Образовниот додаток за студенти е неповратен.

Во буџетот на општина Охрид се обезбедени 400.000 денари за оваа намена. Ќе биде овозможен паричен надоместок за максимум 66 студенти. Во случај на еднакви бодови селекцијата ќе се прави по принципот: „прв дојден, прв услужен„ за што критеруим ќе биде времето на пристигнување на апликацијата во Архивата на општина Охрид;

**Право на учество**

**Член 3**

На јавниот повик право на учество имаат студентите кои ги исполнуваат следните услови:

**Општи услови:**

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

- да се жители на Општина Охрид;
- да се редовни студенти, запишани во тековната година на универзитетите во РМ (со одалеченост од најмалку 70км од општина Охрид);
- да не повторувале година во текот на своето образование;
- да не е корисник на стипендија или кредит од друга инситуција или компанија;

**Напомена:** неисполнувањето на сите општи услови заедно е основ за одбивање на пријавата;

**Посебни услови:**

- студентот потекнува од многудетно семејство (во семјството има три или повеќе деца);
- потекнува од еднородителско семејство (предност ќе имаат студентите чиј што еден родител е починат);
- студентот е дете без родители;
- студентот потекнува од семејство со вкупни примања на родителите до износот на минимална плата ( 20.175,00 денари во нето износ)
- потекнува од семејство во кое и двајцата родители примаат минимална плата;
- потекнува од семејство приматели на еднократна или постојана парична помош( гарантирана минимална помош за работно неспособни лица)
- студентот од прва линија во семејството има лице со посебни потреби или ретки болести;

**Напомена:** Може да аплицира студент кој исполнува барем еден од посебните услови, но предност ќе имаат студентите кои исполнуваат два или повеќе од горенаведените посебни услови.

**Начин и постапка**

**Член 4**

По однос на јавниот повик потребно е да се достави следната документација:

**Задолжителни документи:**

- Пријава (со опис на состојбата во семејството и потребата од паричен надоместок)
- Извод на родени (копија)
- Копија од трансакциска сметка на студентот;
- копија од лична карта
- Изјава од студентот за бројноста и членовите на неговото потесно семејство по прва линија и нивни матични броеви;
- Потврда за редовно запишана учебна години на студентот – оригинал, не постара од 6 месеци;

**Документи кои се поднесуваат за докажување на посебниот услов врз основа на кој се поднесува пријавата:**

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

- Потврда од Центарот за социјални работи за многудетни семејства
- Потврда за еднородителски семејства ( решение за бракоразводна постапка или извод од матичната книга на умрени);
- Решение од Центарот за социјални работи за примање на социјална помош;
- документ од надлежна институција кој потврдува статус – дете без родители
- Наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот или психичкиот развој и специфичните потреби на членот на семејството на студентот издадено од страна на центрите кои го утврдуваат истиот;
- општина Охрид по службена должност преку Управата за јавни приходи ќе ги обезбеди податоците кои се однесуваат на примањата на семејството и се составен дел од годишните даночни пријави;

Пријавите со документите се доставуваат по пошта во затворен коверт на адреса: **Општина Охрид ул.„Димитар Влахов“ бр.57 – Охрид со назнака „За Комисија за спроведување на постапка за доделување на еднократен паричен надоместок - образовен додаток за студенти кои студираат надвор од општина Охрид и потекнуваат од семејства со социјален ризик, за академската 2023/2024 година,** или лично во архивата на општина Охрид.

Потребните документи заедно со изјавите треба да бидат доставени најдоцна **20 дена од денот на објавување на јавниот повик**.

Документите кои се некомплетни и ненавремено доставени нема да бидат разгледувани.

Доставените документи не се враќаат.

**Член 5**

Градоначалникот на општина Охрид објавува Јавен повик за доделување на еднократен паричен надоместок - образовен додаток за студенти кои потекнуваат од семејства со социјален ризик и студираат надвор од општина Охрид за академската 2023/2024 година

Доставените пријави по „Јавниот повик за доделување на еднократен паричен надоместок - образовен додаток за студенти кои потекнуваат од семејства со социјален ризик и студираат надвор од општина Охрид за академската 2023/2024 година, ги разгледува Комисија која ја формира Градоначалникот на Општина Охрид во состав од 5 (пет) члена од редот на вработените во општинската администрација. Еден од членовите на комисијата се именува за претседател.

Мандатот на членовите на Комисијата е 1 (една) година, со можност за повторно именување.

**Член 6**

Комисијата за отварање, разгледување, и одлучување по пристигнати пријави на Јавниот повик за за доделување на еднократен

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

паричен надоместок - образовен додаток за студенти кои потекнуваат од семејства со социјален ризик и студираат надвор од општина Охрид за академската 2023/2024 година, работи доколку се присутни најмалку 3 членови .

Комисијата нема да ги разгледува пријавите доставени по истекот на рокот на Јавниот повик, пријави доставени по електронска пошта и нецелосни пријави, без приложени документи кои задолжително се бараат.

Комисијата за својата работа води Записник.

Комисијата од пристигнатите пријави утврдува ранг листа и му ја доставува на Градоначалникот на разгледување и одлучување.

Градоначалникот врз основа на доставената ранг листа, донесува Одлука за избор.

Одлуката за избор ќе биде објавена на веб страната на Општина Охрид (www.ohrid.gov.mk).

Против Одлуката на Градоначалникот може да се поднесе приговор во рок од 8 (осум) дена од денот на известувањето за извршениот избор.

Приговорот се поднесува до Градоначалникот на Општина Охрид.

По поднесениот приговор Градоначалникот формира комисија од три члена во која задолжително членува претседателот на стручната комисија задолжена за спроведување на јавниот повик. Оваа комисија е должна во рок од три дена да ги разгледа наводите во приговорот, да изврши проверка и на Градоначалникот да му предложи дали приговорот да биде прифатен или отфрлен. Градоначалникот донесува решение согласно предлогот на комисијата.

**Критериуми за оценување**

**Член 7**

| **Критериум за оценување** | **Предвидени бодови** | **Добиени бодови** |
|---|---|---|
| Исполнување на општите услови | 4 | |
| Студентот потекнува од многудетно семејство (секое дете во семејството се бодира со 1 поен) | 3,4,5.... | |
| Потекнува од еднородителско семејство<br>- За починат | 10 поени | |

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

| | | |
|---|---|---|
| родител<br>- Дете на разведени родители | 5 поени | |
| Студентот е дете без родители | 20 поени | |
| Студентот потекнува од семејство со вкупни примања на родителите до износот на минимална плата ( 20.175 денари во нето износ) | 10 поени | |
| потекнува од семејство во кое и двајцата родители примаат минимална плата; | 5 поени | |
| потекнува од семејство приматели на еднократна или постојана парична помош( гарантирана минимална помош за работно неспособни лица) | 15 поени | |
| - студентот од прва линија во семејството има лице со посебни потреби или ретки болести; | 10 поени | |
| **Вкупно:** | | |

**Завршни одредби**

**Член 8**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.